USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

Март 22-ри, 2010
Канцеларија: +389 (0)2 321 7060
Моб: +389 (0)70 29 34 34
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

# Високо квалитетни вина се промовираат во македонскиот павилјон на саемот “ProWein, 2010” во Дизелдорф

УСАИД, дел од мисијата на САД во Македонија, инвестира во економскиот развој во земјата преку помагање на индивидуалните компании од агробизнисот да ја зголемат нивната конкурентност и продуктивност, успешно и одржливо да навлезат на нови пазари за земјоделски производи кои имаат додадена вредност. УСАИД преку својата АгБиз програма координираше единаесет винарници од Македонија- Тиквеш, Сковин, Далвина, Езимит, Имако Вино, Винарнија Филе, Вардарска Долина, Стоби, Попова Кула, Лозар и Бовин да учествуваат на меѓународниот саем "ProWein 2010" кој се одржува меѓу 21 до 23 март, 2010 во Дизелдорф, Германија. Заедно со ЦБИ, холандскиот Центар за Поттикнување на Увозот од земјите во развој и Министерството за економија на Република Македонија, АгБиз програмата на УСАИД им помогна на винарски визби да се промовираат на национален штанд на површина од 120m2, каде што ќе ги изложат своите вина и сретнат потенцијалните меѓународни купувачи.

“ProWein“ е дефинитивно најрелевантен саем за вино и алкохолни пијалаци во ЕУ, и единствен саем од ваков вид во светот, каде посетителите од секаде низ светот представуваат мостри од своите производи, истражуваат новитети, откриваат нови трендови, ги обнувуваат деловните односи и договори, и создаваат нови зделки, рече Горан Дамовски, Сениор координатор на ланец на вредности и развој на маркетинг на АгБиз програмата.

Минатата година четири македонски винарници поддржани од АгБиз и Министерството за економија успешно се предстaвија на ProWein. Винарниците воспоставија бројни контакти со потенцијални купувачи. Во текот на следните осум месеци винариите успееја дел од овие контакти да ги претворат во сериозни клиенти и како резултат на тоа, беа испорачани палети на вино од Македонија во Белгија, Полска, Германија и Холандија.

Земајќи ги во предвид овие импресивни резултати, и оваа година АгБиз обезбеди поддршка на единаесет македонски производители на високо квалитетно флаширано вино да ги промовираат своите индивидуални брендови, и истите да создадат поширока свест за македонските вина на меѓународните пазари. Ова ќе се постигне со атрактивни понуди наменети за целната публика, организирање на професионални дегустации на македонските вина и оценување на истите од страна на релевантни меѓународни критичари на виното.

До денес АгБиз програмата на УСАИД обезбеди поддршка на 179 компании од агробизнисот за да ја подобрат својата извозна конкурентност и на тој начин одржливо да го прошират својот извоз.

## ЗАБЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ

Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија започнувајќи од 1993 година. УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подготвуваат македонските студенти во иднина да станат спремна работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји. За повеќе информации, посетете ја веб страната: http://macedonia.usaid.gov